| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовка на животните за во зима |
| **Содржина на денот** | Оживеани плодови |
| **Возраст** | 4-6години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за личната хигиена и придржување кон хигиенските правила во услови на пандемија (слика 1). |
| **Активност** | Појдете со Вашето дете на пазар или близок маркет и купете разновидни есенски плодови кои подоцна ќе ги искористите за ликовно истражувачка игра (слика 2). Разговарајте за правилата за миење на плодовите пред користење и дозволете му на детето заедно со Вас да учествува во миењето (слика 3). Во текот на купувањето и миењето разговарајте за богатството кое ни го дари есента. Измиените плодови понудете му ги на детето и оставете само да одбере кое животно ќе го обликува и кои плодови ќе ги искористи. Бидете до него за да помогнете и додадете некои други материјали за поуспешна изработка (чепкалки за заби, копчиња, семиња, колаж хартија и др). Во текот на работата охрабрувајте го детето за неговите постигнати резултати кои воедно ќе бидат поттик и за поголема креативност и имагинација (слика 4).<br>Од останатите плодови заедно направете овошна или зеленчукова салата која сите ќе ја консумирате ,а со тоа внесувате и витамини кои сега ни се најпотребни (слика 5).<br>Слушајте ја песната „Настан на годината“ - Поточиња 2018 год. |